# ВТОР ДОКУМЕНТ СО ПРЕПОРАКИ ЗА НОСИТЕЛИТЕ НА ПОЛИТИКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И ХАРМОНИЗИРАЊЕ НА ДОМАШНИТЕ РЕГУЛАТИВИ И ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПРАКТИКИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА, СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД РОДОВО-БАЗИРАНО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО СО СТАНДАРДИТЕ И ОДРЕДБИТЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ И ДОМАШНОТО НАСИЛСТВО[1]

Овој документ има за цел да даде препораки на носители на национални и локални политики во областа на родовата рамноправност, за унапредување и хармонизирање на домашните регулативи и институционални практики за превенција, спречување и заштита од родово-базирано и семејно насилство, со стандардите и одредбите на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство и Пакетот неопходни услуги за жени и девојки изложени на насилство[2]. Препораките се засноваат и произлегуваат од слабости и недостатоци на системот на превенција, заштита и спречување на родово-базираното и семејното насилство врз жени, детектирани во 2023 година, како продолжение на ваквата активност која ЕХО Едукативно хуманитарна организација ја спроведува во континуитет во периодот 2022-2023 година. Собранието на Република Македонија ја ратификуваше Конвенцијата, позната како Истанбулска, на 22 декември 2017 година, а истата стапи на сила на 1 јули 2018 година. Приклучувајќи се на напорите за унапредување на достапноста и ефикасното и сеопфатно обезбедување на наопходните услуги за жени и девојки жртви на насилство на интегриран начин, почнувајќи од март 2018 година во Штип, Струмица и Прилеп функционираат Мултисекторски тимови на заедниците за ефикасна заштита на жените и девојките од секаков вид на насилство (во натамошниот текст МТЗ), а во 2023 година беа поставени основите за МТЗ на Општина Гевгелија. Овие тимови се составени од претставници на општите даватели на услуги: полицијата, центрите за социјална работа, судовите, основното јавно обвинителство, здравствените установи и општините, во координирана соработка со ЕХО Едукативно - хуманитарна организација од Штип како специјализиран давател на услуги, работат на подобрување на меѓуинституционалните односи и воспоставување и практикување на моделот за интегративен пристап, односно за заедничко и координирано дејствување со цел да се овозможи ефикасна заштита на жените и девојките жртви на насилство. Овие тимови заеднички и координирано им помогаат на жените изложени на родово-базирано и семејно насилство, преку обезбедување на неопходни услуги од својата област на делување, согласно потребите на жртвите на насилство и нивната волја за вклучување во правни постапки за заштита од насилство.

---

[1] Документот е изготвен во рамки на проектот „Сите заедно да изградиме заедници без родово базирано насилство“, што ЕХО го реализира со финансиска поддршка од шведската фондација Kvinna till Kvinna.
[2] Достапно на линкот https://endvawnow.org/uploads/browser/files/essential-services-package-mk.pdf

Од страна на членовите на МТЗ, а врз основа на континуираното функционирање и работа на тимовите, беа детектирани низа недостатоци и слабости во системот на превенција, заштита и спречување на семејно насилство и насилство врз жени, кои се однесуваат на поставеноста и сеуште несеопфатната и неимплементирана домашна регулатива согласно стандардите поставени во Истанбулската Конвенција, како и во недостатокот на институционални капацитети и сеопфатни и интегрирани политики и практики кај давателите на услуги, како општите, така и специајлизираните. Овие недостатоци оневозможуваат сеопфатна, ефикасна, навремена, мултисекторска и координирана заштита, помош и поддршка согласно потребите на жртвите на насилство, што пак во голема мера влијае на севкупниот квалитет на нивниот и животот на членовите на нивните семејства, на непроменетата недоверба во системот на заштита кој искусува децениско професионално прегорување на професионалците кои го сочинуваат, на сигурноста, безбедноста и потполното уживање на човековите права и слободи, загарантирани со уставот, законите и меѓународните акти.

Овој документ се фокусира на недостатоците и слабостите во системот на заштита идентификувани од страна на претставниците на центрите за социјална работа, на правосудните органи и на полициските службеници, вклучени како членови во работата на МТЗ, а кои произлегуваат од секојдневното работење и овозможување на услугите за жени и девојки кои искусиле насилство. Акцентот, покрај на внатрешните организациони капацитети на давателите на услуги, е ставен и врз правната рамка и институционалните практики како гарант на ефикасен и функционален систем за превенција и заштита од насилство врз жени.

**Центрите за социјална работа, како органи на првата линија на превенција, спречување и заштита,** акцентот го ставаат на квалитетот и разнообразноста на предлозите за изрекување на привремени мерки за заштита од родово-базирано насилство врз жени и семејно насилство. Имено, најчестата практика на повеќето центри за социјална работа е да на надлежниот основен суд, во име на жртвата, ги предлагаат колоквијално кажано најблагите мерки за заштита од чл.58 став 1 од законот за превенција, спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилствои тоа мерката од точка 1) забрана да се заканува дека ќе стори насилство, како и мерката од точка 2) забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин директно или индиректно комуницира со жртвата. Останатиот сет на мерки од чл.58 поретко се предлагаат, што за последица има понизок квалитет на заштита на жртвите, која во целост не соодветствува и не ги отсликува нивните потреби за сигурност и безбедност. Секако дека оваа практика е помалку или повеќе очигледна кај различни центри за социјална работа, но генерална оценка е дека центрите како предлагачи на привремени мерки не се впуштаат во посериозен ангажман за прибирање на соодветно

тело на докази во прилог на наводите и предложените привремени мерки, како на пример докази во поткрепа на мерката од точка 9) задолжително лекување на сторителот доколку употребува, алкохол, дрога и други психотропни супстанции или има психичко заболување, или во поткрепа на мерката од точка 4) отстранување од домот без оглед на сопственоста во траење од десет до 30 дена, за која практика причина се родовите стереотипи кај вработените во центрите како предлагачи и неразбирањето на фактот дека во конкуренција со сопственичките права на граѓаните, приоритет има правото на живот, сигурност и безбедност на психо-физичкиот интегритет на личноста. Дополнително, иако законот остава на диспозиција и на инвентивноста на центрите да предложат која било друга мерка која судот ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на жртвата и другите членови на семејството, сепак во пракса ретко се среќаваат предлози и судски одлуки со кои се изрекуваат специфични привремени мерки кои излегуваат надвор од таксативно наброените во член 58 од законот. Од тие причини, **потребно е зајакнување на човечките капацитети на центрите за социјална работа, преку едукација и креирање на алатки за помош на стручните кадри во центрите, како што се прирачници, специјално наменети за примена во пракса на сите мерки од чл.58, каде детално ќе бидат обработени мерките и доказниот материјал кој треба да се побезбеди и предложи како доказ кон предлогот за изрекување на соодветните привремени мерки.**

За социјланите служби проблем со не помала важност е и непрепознавањето и непримениувањето на одредбата од член 47 од Законот за превенција, спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, во корелација со превземањето на мерки согласно Законот за семејството, кои се однесуваат на уредување на односите на родителите и децата, надзор над вршењето на родителското право и старателството, согласно со Законот за правда на децата, кога деца се жртви на насилство. Имено, институционална практика е заштитата на децата кои искусуваат, најчесто, индиректно семејно насилство, да ја следи заштитата на родителот со кого живеат, а тоа во најголем број случаи се мајките, кои и најчесто се жртви на директно семејно и насилство врз жени. Но, проблем претставува кога социјалните служби сметаат, бидејќи во поголемиот број случаи децата не се директни жртви на семејно насилство, дека нема потреба од проценка на ризикот за загрозување на животот и здравјето на детето-жртва, неговата безбедност, сигурност и правилен раст и развој, па изостанува примената на вакви гаранции какви што предвидува чл.47 во случај кога деца се директни жртви на семејно насилство. Можна причина за ваква практика е изоставување во актуелниот закон на одредба по теркот на чл.10 од претходниот закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство[3]. Оваа одредба која не се преслика  во новиот, актуелен закон, ги

[3] Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство
(„Службен весник на Република Северна Македонија" број 138/14, 33/15 и 150/15)

третираше децата како жртви кога трпат директно насилство, но и кога индиректно искусуваат било каков облик на насилство во семејството, како на пример кога се присутни на насилни односи помеѓу членовите на нивните семејств или кога живеат во средина во која има насилни односи. Така, новозаеманиот став на мнозинството центри да ги сметаат децата како жртви на семејно насилство само кога се директни жртви, но не и кога живеат во средина во која има насилни односи, на кои тие сведочат, придонесе за практика на предлагање на привремени мерки за заштита само кога децата се директни жртви, занемарувајќи го штетното влијание на индиректното искусување на семејното насилтво врз правилниот раст и развој на децата. Ова резултира со мал број судски одлуки за изречени привремени мерки за заштита на деца од семејно насилство, но и на случаи од пракса кога децата-жртви, во постапките за доверување или давање мислење на судот за доделување на деца на еден од родителите на натамошно чување, воспитување и делумна издршка, се доверуваат од страна на центрите за социјална работа на родителот кој вршел семејно насилство. Овде мора да се води сметка за фактот дека поединецот, кој избира да го злоупотребува другиот родител на своето дете, не е и не може да биде добар родител се додека тој или таа избира да престане со навредливите однесувања и да се однесува со почит кон другиот родител. Праксата покажува дека семејното насилство не завршува секогаш кога ќе заврши интимната врска или бракот. Всушност, ова е моментот кога ситуацијата може да се влоши. Насилството врз жени и семејното насилство се однесуваат на контрола и принуда, а крајот на врската или бракот честопати сигнализира целосен недостаток на контрола за насилникот. Кога ќе се соочи со губење на контролата, насилникот често ги користи децата или судскиот систем за да ја поврати контролата над нив. „Можеби ја злоставуваше својата поранешна, но тој е толку добар татко“ – е вообичаен рефрен кој се почесто се слуша меѓу социјалните служби, при тоа заборавајќи дека секој родител кој ќе избере да го злоупотребува другиот родител, ги изложува своите деца на емоционална и психолошка траума што ќе има трајни последици и ќе ја овековечи јавно-здравствената криза на семејното насилство. Доверувањето на децата-жртви кај родителите кои се сторители на семејно насилство, дури и само кон другиот родител, може да го одврати вниманието од благосостојбата на детето и пристапот за детскиот најдобар интерес, особено во ситуации кога семејството доживеало семејно насилство, кон пристап насочен кон родителите. Затоа, **препорачуваме дополнување на актуелниот закон со одредба која ќе го дефинира детето како жртва на семејно насилство, независно дали искусува директно или индиректно, и соодветно на таа законска дефиниција, да се предвиди и задолжителна проценка на ризик за секое дете кое претрпело семејно насилство. Аналогно на ова, препорачуваме да се креираат ресурси, како што се прирачници и дизајнирање од страна на Заводот за социјали дејности на задолжителни обуки во Програмата за континуирана професионална едукација за стручните работници во центрите за социјална работа, кои ќе им помогнат да го разберат штетното влијание на семејното**

**насилство врз децата и да донесуваат одлуки во најдобар интерес на децата во постапките за уредување на родителските права и односите на родителите со децата.**

И понатаму останува висока темната бројка на непријавени и непроцесуирани случаи на насилство врз жени и семејно насилсво, кај центрите за социјална работа и во правосудниот сектор, со акцент на полициските служби. Што се однесува на социјалните служби, забележителна е праксата да жртвите кои ќе пријават насилство во центрите, но подоцна ќе ја повлечат согласноста за превземање заштитни мерки, не се наоѓаат во евиденцијата на социјалните служби. Така, имаме случаи кога жртвите кои пријавиле насилство, но ја повлекле согласноста за превземање на мерки за заштита од страна на центрите за социјална работа, но не и во постапките за кривичен прогон на сторителите, имаат во рака правосилна и извршна кривична пресуда со која се осудува насилникот и се потврдува нивниот стстус на оштетена – жртва, но не се евидентирани како жртви во центрите па не можат да оствуваат права од социјална заштита наменети за јакнење на жртви на семејно и насилство врз жени. Ова има понатамошни импликации врз целокупните состојби, а тоа е невоедначен број на случаи пријавени во различни државни органи, разлики во евиденцијата на жртвите со евиденцијата на кривични дела сторени при вршење на насилство врз жени и семејно насилство, како и евиденцијата на прекршоци сторени под истите околности, но и неможност за следење на работата на центрите, утврдување на причините поради кои жртвите стануваат процесно апатични и креирање на системски решенија кои би ги намалиле овие разлики преку зголемување на бројот на жртви кои се процесно активни. **Препорачуваме центрите за социјална работа, без оглед на повлекувањето на согласноста на жртвите и отсуството на волја од нивна страна да поведат или учествуваат како сведоци или оштетени во судски постапки, да ги евидентираат сите жртви кои се обратиле за помош и поддршка во центрите, без исклучок, а при тоа да ги идентификуваат и евидентираат и причините за процесна апстиненција на жртвите.**

Претставниците на Министерството за внатрешни работи вработени во полициските станици, членови на МТЗ, акцентот го ставаат на опстојувачки предизвици во остварувањето на надлежностите во доменот на јавниот ред и мир, безбедноста, и конкретно полицискиот сегмент во системот на превенција, спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство.

Имено, еден од перзистентните предизвици со кој се соочуваат полициските службеници со години, а кој останува неадресиран во полициската пракса е неприменувањето на полициските надлежности во високо ризични случаи, кога постои непосредна и сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство. Во вакви случаи, полициските службеници имаат обврска, веднаш по направената проценката на ризикот, а во рок од 12 часа од

интервенцијата, да состават и до надлежниот суд да поднесат предлогот за изрекување на итна мерка за заштита, и тоа отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот, без согласност на жртвата. Праксата покажува дека овие одредби од законот и понатаму остануваат нефункционално парче хартија, без извршување од страна на полициските службеници. Причините може да се идентификуваат во недоволните капацитети на полициските служби да во толку брз рок ефикасно одговорат на законските обврски. Тие сметаат дека полициските службници до сега не добиле соодветна обука за практична и ефикасна реализација на овие надлежности, така што младите и нововработени кадри немаат соодветни сознанија за нивните обврски и надлежности. Дополнително, тие сметаат дека со реализација на овие итни мерки, безбедносниот ризик од сторители кои остануваат незгрижени од социјалниот систем, инаку скуден со мерки и програми за згрижување и помош на сторителите, преминува и останува кај полициските служби, што е дополнителен работен товар на кој тие не можат да одговорат без да ги доведат во прашање човечките и материјално-технички капацитети на службата. **Препораката би била Центарот за обука на полициските кадри да дизајнира основна и континуирана професионална едукација во областа на насилството врз жени и семејното насилство на полициските кадри, со посебен акцент на практична и ефикасна реализација на полициските надлежности во предлагањето на итните мерки за заштита од насилство врз жени и семејно насилство.**

Дека на полициските службеници им недостига едукативно унапредување на капацитетите преку правилно разбирање на влијанието што насилството врз жени и семејното насилство го има врз жените како жртви, врз нивните реакции и интернализирано чуство на небезбедност и несигурност, но и високиот степен на недоверба во работата на надлежните институции, говори една специфична појава забележана во 2023 година. Имено, иако засега во помал број, забележана е појавата да жените жртви на насилство врз жени и семејно насилство, откако ќе го пријават случајот телефонски во полициска станица, па полициски службеници ќе интервенираат со излегување на лице место, се предомислуваат и не сакаат понатамошна полициска интервенција ниту водење на постапки против сторителот. Најпрвин, потребно е да се истражат причините за ваквото постапување на жените –жртви, поради кои одбиваат полициско постапување, со цел да се креираат соодветни полициски механизми и практики кои најсоодветно ќе одговорат во насока на сузбивање на оваа појава и процесуирање на насилството. Дополнително, забележана е појава да против дел од овие жени-жртви, во вакви случаи од страна на МВР бидат покренати прекршочни постапки за прекршок сторен по чл.16 од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир[4], кој предвидува прекршочна одговорност за граѓанин кој лажно повикува на помош или

[4] Закон за прекршоци против јавниот ред и мир, редакциски пречистен текст достапен на линкот: https://mvr.gov.mk/Upload/Documents/ZJRM%20PRECISTEN.pdf

пријави настан со намера да предизвикува излегување на државен орган или јавна служба, за што е предвидено судот да изрече глоба во висина од 50 до 150 евра во денарска противвредност. Во текот на 2023 година, на подрачјето на СВР Штип ЕХО регистрираше два вакви случаи на прекршочно санкционирање и една тековна прекршочна постапка, по барање на МВР од страна на судот, на жртви на семејно насилство кои пријавиле во полиција но не сакале да учествуваат во покренување на евентуални постапки против сторителите. Едната од жртвите е долгогодишна жртва на смејно насилство од сопругот, против кој има неколку кривични осудителни пресуди и кому му била изречена мерка на безбедност задолжително лекување од алкохолизам во болница од затворен тип, но сепак, ниту полициските службеници кои интервенирале на повик на оваа жртва, ниту основниот суд кој ја изрекол прекршочната осуда и парична глоба, го зеле во предвид влијанието на насилството врз менталното здравје на жртвите и нивната спремност и по неколку пати да учествуваат во судски и полициски постапки за санкционирање на сторителот, кои го немале посакуваниот ефект на слобода на жртвата од насилство и безбедност на психо-физичкиот интегритет на нејзината личност. Другиот случај се однесува на жртва која телефонски пријавила во полиција, но не била спремна да води судски постапки против сопругот-сторител поради немањето соодветна поддршка од околината, па, иако полициски службеници не излегле на лице место да интервенираат, туку воделе телефонски разговори со жртвата, сепак таа заработила прекршочна санкција од страна на основниот суд кој незаконито и изрекол глоба во износ од 200 евра, што е 50 евра над законскиот максимум за соодветниот прекршок и во секој случај превисока глоба, која сигурно во иднина ќе влијае жртвата да не го пријавува насилството дури и поцена на сопствената безбедност и живот. Во третиот случај, пак, жртва на демнење, за кое подоцна демначот е кривично осуден на ефективна казна затвор, делувајќи во самоодбрана на јавно место, бива пријавена во полициска станица за напад од страна на демначот. Полициските служби, без да направат анализа и проценка на поширокиот контекст на случајот и без да ја примента торијата за доминантен агресор, против жртвата на демнење поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок против јавниот ред и мир, која во време на пишување на овој документ сеуште е во тек. По поденсена претставка од жртвата, одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР одговара дека не нашол ништо спорно во постапувањто на полициските службеници, со што потврдува дека дури и полициски службеници од повисок ранг ги немаат потребните познавање од областа на насилството врз жени или пак, што е помалку посакувано сценарио, тенденциозно ги штитат незаконитите и непрофесионални постапувања на своите колеги. Без натамошно набројување на слични апсурни случаи, препорачуваме **полициските служби детално да ги истражат причините за ваквото постапување на жените – жртви, но и на полициските службеници, со цел да се креираат соодветни полициски механизими и практики кои најсоодветно ќе одговорат во насока на**

**сузбивање на овие појави, вклучително и едукација и дисциплинирање на полициските службеници, кои со нивно непрофесионално и незаконито постапување, ги одвраќаат жртвите од идно пријавување и процесуирање на насилството. Дополнително, потребно е ваква едукација и на судиите во прекршочните оддели на основните судови, со цел да се намали бројот на прекршочно одговорни и глобени жртви на насилство врз жени и семејно насилство. Во оваа насока, препорачуваме и национална кампања на МВР со која ќе се неутрализираат досегашните негативни ефекти од ваквото незаконито постапување на полициските службеници по однос на спремноста на жртвите да пријавуваат и нивното женско застапување во органите на правосудството.**

Во однос на судовите и основните јавни обвинителства како дел од правосудниот сектор кој постапува во дела сторени при вршење на насилство врз жени и семејно насилство, во постапките за отповикување на условна осуда поради неисполнување на определени обврски, забележана е негативна практика на предлагање од ОЈО и прифаќње од основниот суд на предлог за определување на нов рок за исполнување на обврската утврдена со правосилна и извршна кривична пресуда, по истекот на времето за проверување, што е спротивно на чл.53 од Кривичниот законик. Оваа незаконита практика на јавното обвинителство и на судот значи толеранција на економското насилство, конкретно на неплаќањето издршка, како најчест вид на семејно насилство најдиректно насочено кон благосостојбата и некономската сигурност на децата, но не и без последици по родителите кому им се доделени децата на натамошно чување и делумна издршка. Исто така, негативните последици од оваа лоша практика се огледаат во потхранување и опстојување на правната несигурност и недоверба на граѓаните и посебно на жртвите во правосудните институции, што носи со себе одвраќачки ефекти. Мора да се напомене дека ваквото постапување на правосудните органи носи печат на директна дискриминација на жртвите на семејно насилство во однос на сторителите, кои и без тоа, често пати добивајќи повеќекратни условни осуди за истото дело неплаќање на издршка, веќе добиваат привилегирана позиција  токму од органите кои треба законито и соодветно да  го санкционираат насилството во сите негови облици. За да се надминат ваквите неприфатливи постапувања на обвнителствата и судовите, **препорачуваме овие органи да ги преиспитаат и анализираат ефектите од ваквото дискриминаторско постапување со цел да дизајнираат внатрешни протоколи кои ќе спречат во иднина овие органи со своите постапувања и одлуки да испраќаат неприфатлива порака до јавноста дека економското насилство врз децата и жените е толерирано токму од оние кои треба да го санкционираат.**

Во својата секојдневна работа ЕХО евидентира практика основните судови да донесуваат осудителни пресуди со кои се изрекува алтернативната мерка условна осуда иако сторителите во континуитет вршат и повеќе пати се санкционирани со усковни осуди за исти или слични кривични дела сторени при вршење на насилство врз жени и семејно насилство. И оваа судска практика на благо кривично санкционирање на сторителите, заедно со претходно споменатата практика на граѓанските судови на сторителите да им ги изрекуваат најблагите привремени мерки за заштита, дополнето со негативната практика на

прекршочните судски оддели кои ги глобат жртвите, укажува на потребата од промена на ставовите на судовите кои ја поддржуваат благата казнена политика против сторителите, на штета на жртвите и граѓаните, воопшто. За таа цел, **потребно е правосудните органи да усвојат, воведат и практикуваат родово-одговорна казнена политика, со која ќе се преземаат родово одговорни правосудни мерки, активности и услуги за превенција и заштита на жените од родовобазирано насилство и семејното насилство, кои ќе значат препознавање на карактеристиките и разликите кои произлегуваат од родовите улоги на жените и мажите, за да може резултатите од делењето на правдата од овие органи да придонесе за родова еднаквост во македонското општество.**

Поврзано со ова, **препорачуваме на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејно насилство, да преземе активности со кои континуирано ќе ја следи и анализира состојбата со родово-базирано насилството врз жените и семејното насилство, како и казнената политика на судовите, со цел унапредување на правосудниот одговор на полето на специјалната и генерална превенција од насилство врз жени и семејно насилство.**

Кога сме кај правната рамка, и понатаму останува препораката за ревидирање на кривично-правната регулатива и политика во делот на гонењето на кривичното дело „Телесна повреда“, сторена при вршење на семејно насилство, како и за гонење на делото „Демнење“, така што овие две дела да се гонат ex officio, по службена должност од страна на органите за прогон. Оставањето на кривичниот прогон на диспозиција на жртвата како оштетена, која може и во подоцнежните, судски фази на постапувањетода се откаже од обвинителниот предлог и кривичен прогон, често значи и неефикасно трошење на општествени финансиски и човечки ресурси, што ја ефектура негативно полициската и работата на правосудните органи во услови на економска криза. Од друга страна, пак, жртвата е изложена на дополнителни притисоци од сторителот и/или семејната средина да го повлече предлогот за гонење, а не е изклучен и ризикот од дополнително насилство. Во кривичните постапки за овие кривични дела, откажувањето на жртвата од кривичен прогон на сторителот може да се земе како олеснителна околност при одмерувањето на санкцијата за сторителот од страна на судот. Дополнително, сметаме дека во формулацијата на став 2 член 144-а од Кривичниот законик, со кој е инкриминирано демнењето кое се гони по службена должност, потребно е да се дополни на начин што ќе се предвиди гонење по службена должност и во случај на демнење сторено при вршење семејно насилство, кога сторителот ги демнее брачниот другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и сегашен или поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не. Од тука, **препорака до законодавецот е да се воведе политика за кривичен прогон целосно по**

**службена должност за сите кривични дела сторени при вршење на насилство врз жени и семејно насилство, без исклучок и со дополнување на одредбата од член 144-а која го инкриминира демнењето.**

Во однос на законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство[5], чија цел е да се обезбеди паричен надоместок на жртвите од кривични дела сторени со насилство како помош од страна на државата, согласно со начелото на општествена солидарност и да се спречи можна виктимизација и секундарна виктимизација како дополнително страдање што жртвите можат да го претрпат од односот на надлежните органи, почна да се применува од 25.05.2023 година. Иако законот нуди дополнителна можност за економско јакнење на жените жртви на определени кривични дела сторени при семејно и насилство врз жени во насока на постигнување севкупна автономност, сепак изостанува посериозен ангажман на надлежното министерство за правда и на Владата на РСМ во креирање на неопходната институционална и оперативна околина за ефикасна имплементација на законот. Не е формирана Комисијата за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство, како орган кој одлучува за правото на паричен надоместок и за определување на видот и висината на паричниот надоместок, што е основен предуслов за воопшто да отпочне примената на законот. Ова праќа неповолна порака до јавноста дека малку се води сметка за состојбата на најранливите категории граѓани, меѓу кои и на жртвите на семејно и насилство врз жени, односно дека правичноста и солидаризацијата со жртвите не се приоритет на одлучувачите. **Препорачуваме што поскоро да се пристапи кон операционализација на законот преку донесување на потребните подзаконски акти, формирање и започнување на работа на Комисијата и обезбедување на потребните финансиски и материјално-технички услови за имплементација на законот.**

Досега констатираните недостатоци и состојби во однос на насилството врз жени и семејното насилство се однесуваат на клучните институции кои се на првата борбена линија во спречувањето на овој негативен општествен феномен. Сепак, низ секојдневната практична работа нотиравме недостатоци и предизвици во справувањето со насилството врз жени и семејното насилство и кај други институции кои се посредно поврзани или вклучени во борбата, како што се народниот правобранител, заводотт за социјални дејности, министерството за здравство и министерството за правда преку одделението за бесплатна правна помош. Така, во работата на службениците од канцеларијата на народниот правобранител нотиравме дека постои мала сензибилизираност кон родовата димензија на насилството што го искусуваат жените, динамиката влијанието и последиците врз општествениот и личен статус на жените, посебно од аспект на обезбедување на родова рамноправност и еднакви можности меѓу мажите и жените. Ова

[5] Службен весник бр.247/2022 од 17.11.2022 година

е уште понагласено кога како жртви на семејно и насилство врз жени се јавуваат деца. Иако постои посебен оддел за заштита на правата на децата, сепак, кога се работи за насилство врз деца тешко се согледуваат сите импилкации што насилството ги има врз децата, посебно врз нивната процесна положба во постапките кои се водат за нивна заштита, како пред центрите за социјална работа, така и пред судовите. Можноста за вклучување на народниот правобранител во судски постапки за заштита на децата-жртви на семејно насилство како пријател на судот е малку користен институт, кој би овозможил зајакнат мониторинг на работата и одлучувањето и на центрите за социјална работа и на судовите, а долгорочно би влијаел врз унапредувањето на нивната работа и севкупните состојби. Но, за да се надминат овие состојби, **препорачуваме вработените во канцеларијата на народниот правобранител да поминат основни и напредни обуки за сите аспекти на феноменот насилство врз жени и семејно насилство, со посебн акцент на искуствата, одговорот и влијанието на насилството врз децата, во насока што поефикасно вклучување на оваа институција како корективен механизам кога државните и јавни органи ги прекршуваат правата на жртвите.**

**Слична препорака за обнова на стекнатите знаења, разбирања и перцепции преку дизјанирање и учество на соодветни основни и напредни обуки за сите аспекти на феноменот насилство врз жени и семејно насилство даваме и по однос на вработените во Заводот за социјални дејности и Секторот за инспекциски надзор во Министерството за труд и социјална политика, кои вршат контрола на стручната работа и инспекциски надзор вра центрите за социјална работа.** Имено, во определени случаи, посебно кога жртви се деца или во постапките за уредување на односите меѓу родителите и децата и доверувањето, при вршење на контрола и надзор од овие органи забележана е пристрасност, необјективност и провејување на персонални ставови и светогледи кои делуваат дискриминаторски врз жртвите кои побарале и најчесто не добиле помош и поддршка од центрите за социјална работа. Во неколку случаи, управниот суд ги има укинато одлуките на МТСП кои се темелат токму на наодите и мислењата на вработените од Заводот за социјални дејности и секторот за инспекциски надзор, што е индикација за пад на степенот на стручноста и етичноста на вработените во овие контролни механизми и институции, но значи и трошење на ресурси и нанесување на штета во вид на дополнителна виктимизација на жртвите.

Кај министерството за здравство, поконкретно кај здравствените установи кои ја извршуваат мерката на безбедност задолжително лекување на сторители на насилство врз жени и семејно насилство изречена од страна на судот, заблежавме случај на наплата на партиципација за лекувањето на сторителот, што е спротивно на чл. 282 вв. чл.279 од Законот за извршување на санкции. Закоот предвидува трошоците на извршување на оваа мерка да паднат на товар на буџетот на РСМ, а се обезбедуваат во посебна ставка во

буџетот на министерството за здравство. Но, во пракса забележавме случај, кога и покрај нашето укажување на финансиската служба на здравствената установа, сепак се наплатуваше партиципација на сторителот, со оправдување дека во буџетот на здравствената установа нема предвидено таква ставка и средства. **Препорачуваме Министерството за здравство да обезбеди средства за задолжително лекување во буџетите на сите здравствени установи каде се извршува оваа мерка на безбедност, со што би се обезбедила законита и правилна работа на здравствените установи.**

По однос на бесплатната правна помош, кко механизам кој го олеснува пристапот до правда за жртвите на насилство врз жени и семејно насилство, и понатаму проблематично е  обезбедувањето на потребните вештачења, кои се предуслов за отпочнување на голем број постапки за кои на жртвите начелно им е одобрена секундарна правна помош во судски постапки. Имено, овој проблем перзистира уште од почетокот на примената на законот за бесплатна правна помош и сеуште не е изнајдено соодветно решение. Доколку жртвите како тужители во судски постапки за заштита и остварување на своите права и интереси не можат да прибаваат бесплатно вештачење кога тоа е услов за иницирање на постапка, тоа практично значи дека правото на бесплатна правна помош од страна на адвокат за застапување не можат да го остварат, што го прави системот за бесплатна правна помош нефункционален. На жртвите им преостанува самите да ги платат неопходните вештачења за да иницираат судска постапка, што пак, ако се имаат предвид цените на чинење на одредени вештачења кои не се нималку ниски, значи доведување во прашање на издршката на жртвата и/или членовите на нејзинот домаќинство, како и остварување и заштита на нејзините права, воопшто. Од тие причини, **препорачуваме Министерството за правда да стапи во преговори со надлежните институции/асоцијации и кон измена и дополнување на законите кои го регулираат ова прашање, како би се овозможила ефикасна секундарна бесплатна правна помош за жртвите на насилство врз жени и семејно насилство.**